ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Алијанса на Албанците.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Извршен е пренос на средства од сметката за редовно работење од средствата обезбедени од Буџетот на РСМ на сметката за изборна кампања за предвремени избори за избор на пратеници во Собранието на РСМ, кој извор на финансирање за наведената изборна кампања не е дозволен со законот.
Евидентирањето на дел од деловните промени и трансакции се врши без обезбедена комплетна документација.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Да се преземат мерки и активности за обезбедување на поткрепувачка документација како прилог на фактурите од добавувачите а евидентирањето на деловните промени и трансакции во деловните книги да се врши врз основа на целосна документација.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Од страна на одговорното лице на политичката партија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018